# Винарска визба Попова Кула

АД Демир Капија

POPOVA KULA WINERY

**e-mail:** contact@popovakula.com.mk **URL:** www.popovakula.com.mk
**Адреса на винаријата:** Булевар на виното бр. 1, 1442 Демир Капија
**Тел./Факс во винаријата:** (0)43 367 400
**Поштенска адреса:** Даме Груев 5-7/14, 1000 Скопје
**Дирекција во Скопје: тел.:** (0)2 3216 716; **факс:** (0)2 3228 781

Друштво за производство и проме[т]
Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД
Бр. 02-196
26.09 2017 год.
ДЕМИР КАПИЈА

ЗАПИСНИК

Од вонредна седница на Собрание на Акционери на
Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија одржано на ден 26.09.2017 година во просториите на Македонија Сообраќај со следниот дневен ред:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**I. Процедурален дел**

1. Отворање на собранието
2. Избор на работни тела:
   - Избор на претседавач на собранието на друштвото
   - Избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот
3. Избор на верификациона комисија
4. Верификација на список на присутни акционери / полномошници и утврдување на кворум за работа и одлучување
5. Утврдување на дневен ред од работен дел

**II. Работен дел**

1. Усвојување на записникот од собранието на акционери на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија одржано на 07.06.2017 година
   - Предлог-Одлука за усвојување
2. Емисија на гарантирана обврзница
   - Предлог - Одлука за емисија на гарантирана обврзница во вредност од 650.000 Еур

Седницата започна во 10:15 часот. Претседавачот од претходно одржаното Акционерско Собрание ја отвори седницата и констатира дека собранието е уредно свикано со објава во дневен весник Нова Македонија на ден 26. 08. 2017 година и ја стави на дискусија првата точка од процедуралниот дел на собранието за избор на Претседавач. Јордан Трајков предложи Тихомир Мукаетов да го води вонредното собрание на Акционери.
Предлогот беше ставен на галсање и беше изгласан едногласно.

Претседавачот побара предлог по втората точка од дневниот ред за записничар и двајца заверувачи. Јордан Трјаков предложи записничар да биде Игор Деловски а заверувачи да бидат Стево Ѓошев и Мирослав Блажески. Предлогот беше ставен на гласање и беше изгласан едногласно.

Претседавачот побара предлог по третата точка од дневниот ред за избор на верификациона комисија. Златко Данев ги предложи Андријана Симовска и Јулијана Матековиќ. Предлогот беше ставен на гласање и беше изгласан едногласно.

По кратка пауза верификационата комисија го даде следниот извештај: Присутни на вонредното собрание се 13 акционери со вкупно 1.595.632 акции или 59,10% од вкупниот број на акции со право на глас. Се констатира дека собранието на акционери има кворум и може полноважно да носи одлуки.

**e-mail:** contact@popovakula.com.mk **URL:** www.popovakula.com.mk
**Адреса на винаријата:** Булевар на виното бр. 1, 1442 Демир Капија
**Тел./Факс во винаријата:** (0)43 367 400
**Поштенска адреса:** Даме Груев 5-7/14, 1000 Скопје
**Дирекција во Скопје: тел.:** (0)2 3216 716; **факс:** (0)2 3228 781


Претседавачот помина на работниод дел од дневниот ред со повик за дискусија по првата точка: Усвојување на записникот од собранието на акционери на Винарска Визба Попова Кула Ад Демир Капија одржано на 07.06. 2017 година. Не се јави никој за дискусија па Преседавачот ја стави одлуката за усвојување на гласање. Истата беше усвоена едногласно.

Претседавачот упати повик за дискусија по втората точка: Емисија на гарантирана обврзница со Предлог – одлука за емисија на гарантирана обврзница во врендност од 650.000 Евра.

Извршниот Директор Јордан Трајков се јави за дискусија и објасни дека Силк Роад Банк АД Скопје со која фирмата имаше договор за гарантирање на обврзницата во последен момент на 4 дена пред одржување на седницата на собранието на акционери ги променила условите и карактеристиките на гаранцијата до степен да таквата гаранција не дава задоволителна сигурност дека емисијата ќе биде успешна. Промените на условите се однесувале на барање за поголем колатерал кој покрај недвижностите ќе ја опфати и опремата а промените на карактеристиките се однесувале на одбивањето банката да ја гарантира цената на обврзницата на секундарниот пазар. Понатаму тој информираше дека има писмена кореспонденција во која се гледа дека со банката се било договорено уште во Јуни месец и дека ова доаѓа како изненадување и е промена која не е прифатлива поради фактот дека смета дека за обврзница со таа караткеристика нема да има пазар и дека колатерал на опрема ќе донесе значителни трошоци. Јордан Трајков објасни дека ова прашање било разгледано и на Одбор на Директори на седница од претходниот ден пред одржување на оваа седница на акционерското собрание и дека Одборот на Директори заклучил дека  неможе да предложи на акционерите да се прифати таква видоизвменета одлука која не носи задоволителна сигурност на успех на емисијата на обврзницата. Од друга страна пак ако се донесе одлука како што беше предложена банката гарант нема да ја прифати.

Стево Ѓошев праша дали имаме алтернативна насока на делување.  Јордан Трајков објасни дека би се одело со барање на класични извори на средства - кредити.

Черепналковски Тодор искажа предлог одборот на директори да направи анализа и план како фирмата да делува во иднина. На неговиот предлог Григори Поповски објасни дека во Јануари 2018 ќе имаме стратешко планирање на ниво на Одобор на Директори . Јордан Трајков појасни дека такви седници имаше во 2013 година и во 2015 и 2017 година како и дека врз основа на стратешкото планирање од 2013 година се насочивме и инвестиравме повеќе во винскиот туризам а врз основа на стратешкото планирање од 2017 година се отпочнаа активностите за издавање на обввврзница.

Преседавачот по исцрпената дискусија ја стави предлог одлуката на гласање и истата беше одбиена едногласно.

Зоран Колев предложи да се стави во записник дека предлог одлуката за издавање на обврзинцата е одбиена поради промена на условите од страна на банката во последен момент што беше прифатено.

# Винарска визба Попова Кула

АД Демир Капија

**e-mail:** contact@popovakula.com.mk **URL:** www.popovakula.com.mk
**Адреса на винаријата:** Булевар на виното бр. 1, 1442 Демир Капија
**Тел./Факс во винаријата:** (0)43 367 400
**Поштенска адреса:** Даме Груев 5-7/14, 1000 Скопје
**Дирекција во Скопје: тел.:** (0)2 3216 716; **факс:** (0)2 3228 781


Седницата на собранието на акционери заврши во 10:45часот.

Записничар
Игор Деловски

Заверувачи на записник

Стево Ѓошев — Мирослав Блажески

Претседавач
Тихомир Мукаетов

Друштво за производство и промет
Винарска Визба
ПОПОВА КУЛА
АД
Демир Капија